Global Media Group® | Скопски саем® Skopje Fair | Спортски центар Борис Трајковски | Република Северна Македонија Министерство за култура и туризам

# САЕМ НА КНИГА 2026
## 23–29.04.2026
Арена Борис Трајковски, Скопје

**ГЛОБАЛ МЕДИА ГРОУП ДООЕЛ Скопје**
**Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - 1000 Скопје**
**Бул. 8-ми Септември бр.13**
**info@gmg.mk**
**saemnakniga@gmail.com**
**www.skopskisaem.mk**
**Рок за пријавување: 10.03.2026**

# ПРИЈАВА / ДОГОВОР ЗА УЧЕСТВО НА САЕМ

**Бр.**

| | |
|---|---|
| Полно име на фирма изложувач согласно печатот: | |
| Адреса / Град: | |
| Телефон / Факс: | |
| E-mail / WEB страна: | |
| Матична банка: | Овластено лице за контакт: |
| Жиро сметка: | Телефон на овластено лице за контакт: |
| Даночен број: | E-mail на овластено лице за контакт: |

## ЗАКУПУВАМЕ

| | |
|---|---|
| Закуп на изложбен простор со стандардна изведба со минимум 3 отворени страни (мин. 100 $m^2$ ) | ________$m^2$ 32 €/$m^2$ |
| Закуп на изложбен простор со стандардна изведба со минимум 2 отворени страни (мин. 45 $m^2$ ) | ________$m^2$ 32 €/$m^2$ |
| Закуп на изложбен простор со стандардна изведба со 1 отворена страна (мин. 9 $m^2$) | ________$m^2$ 32 €/$m^2$ |
| Закуп на изложбен простор со стандардна изведба во хол пред влез во хала | ________$m^2$ 29 €/$m^2$ |
| Паушален потрошок за електрична енергија<br>* За закупен изложбен простор до 40 $m^2$<br>** За закупен изложбен простор над 40 $m^2$ | * 40 € еднократно<br>** 70 € еднократно |
| Зголемена висина на штанд за 90 cm за брендирање (рекламно пано) | 150 € еднократно |
| Изнајмување на дополнителен пулт (1 m x 1 m x 0,90 m) | 25 € / пулт |
| Изнајмување на бина до 9м$^2$ (висина 30 cm) | 100 € едонкратно |

Во цените не е пресметан ДДВ од 18%.

## УСЛУГИ ВКЛУЧЕНИ ВО ИЗРАБОТКА НА СТАНДАРДЕН ШТАНД

1. Обложување на под со теписон
2. Обработка на ѕидовите со дуплекс бели табли
3. Испишување на една фирма со лого со димензија 200 x 30 cm
4. Пултови според должина на отворени страни (1m пулт = 1m должина)
5. Чистење на штандот
6. Обезбедување на експонатите од кражба вон работно време на саемот

| Инвентар | 16-40 $m^2$ | 40-100 $m^2$ | Над 100 $m^2$ |
|---|---|---|---|
| Маса | 1 | 2 | 3 |
| Столица | 3 | 6 | 9 |

Со потпишување на овој договор ги прифаќаме општите услови и цени за учество кои се составен дел на Пријавата-Договорот.

**Организатор** **Изложувач**

________________________ **Скопје,** ________________________ ________________________

**Потпис и печат** **Датум** **Потпис и печат**

## ПОТВРДА ЗА ДОДЕЛЕНИОТ ПРОСТОР

| | | |
|---|---|---|
| $m^2$ | Хала Бр. | Штанд Бр. |
| Датум: | за Организатор | |

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА САЕМОТ – СОСТАВЕН ДЕЛ НА ПРИЈАВАТА / ДОГОВОРОТ

Глобал Медиа Груп ДООЕЛ - Скопје, има склучено ДОГОВОР за закуп за организирање саемски манифестации. Изложбениот простор ќе биде доделен на изложувачите во подзакуп за време на саемската манифестација.

Со потпишувањето на Пријавата / Договорот за учество на Саем, договорните страни ги прифаќаат сите услови:

**УРЕДУВАЊЕ И ДЕКОРАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕНИОТ ПРОСТОР**

- Организаторот на Саемот ја утврдува распределбата на локациите на изложбениот простор, откако ќе ја добие потпишана Пријавата – Договорот за учество на Саемот од страна на изложувачот.
- По извршената распределба, организаторот го информира изложувачот за распределената локација.
- Штандот технички може да го изведе Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје, изложувачот во сопствена режија или трето лице за сметка на изложувачот.
- Доколку штандот го изведува изложувачот во сопствена режија или трето лице за сметка на изложувачот, штандот мора да биде изведен без ковање и бушење во подната облога, како и во панелите (зидовите). Било каква штета настаната од горенаведените активности при изведба на штандот е на товар на изложувачот.
- Брендирање на панелите (зидовите) е дозволено единствено со самолеплива фолија која се отстранува (removable branding labels). Панелите (зидовите) по завршување на саемот треба да бидат вратени во првобитна состојба, со отстрането брендирање од страна на изложувачот. Било каква штета настаната од горенаведените активности при изведба на штандот е на товар на изложувачот.
- Паушалниот потрошок на електрична енергија е дефиниран во Пријавата / Договор за учество на Саем. Истиот вклучува каблирање и приклучок со вкалкулиран потрошок на електрична енергија во работното време на Саемот.
- Изгледот на штандот го дефинира архитектот ангажиран од Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје во соработка со претставник на изложувачот.
- Дополнителните измени и преправки направени во последните 3 дена пред почетокот на Саемот се наплатуваат по цени повисоки за 30% од редовната цена.
- Максималната висина на штандовите (внатрешен изложбен простор) изнесува 250 cm, освен во  делови каде што не ја нарушува концепцијата на халата, а по претходно одобрен проект.
- Уредувањето на просторот е утврдено во упатството за изложувачи, во редовно работно време од 8 до 20 часот.
- Демонтажата на штандот, подигнувањето на експонатите и инвентарот треба да заврши најдоцна 1 ден по завршување на манифестацијата.
- За време на уредувањето на изложбениот простор изложувачот, односно изведувачот е должен да ги почитува прописите за П.П. заштита и заштита при работа дадени во упатството.
- Демонстрацијата на машини и опрема, дегустација на прехранбени производи, како и продажба на изложените производи на штандот се дозволува само со претходна согласност на Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје.
- Изложувачот е должен изложбениот простор, штандот или инвентарот со кои се задолжил, по завршувањето на Саемот да ги предаде во иста состојба во која ги примил, а настанатата штета е должен да ја надомести.
- Изложувачот е должен да се придржува на одредбите на упатството за изложувачи на Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје

**ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ИЗЛОЖУВАЧОТ И ОРГАНИЗАТОРОТ**

- Изложувачот е должен во период на монтажа и демонтажа, како и во работното време на Саемот да обезбеди постојано присутно одговорно лице на штандот.
- Доколку настане штета, кражба или слично на изложените експонати во тек на работното време на Саемот, во период на монтажа или демонтажа, одговорноста за настанатата штета паѓа на товар на изложувачот.
- Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје ја презема одговорноста на обезбедување на експонатите вон работното време на Саемот т.е во времето од затворањето до отворањето наредниот ден.
- Изложувачот е должен изложените експонати да ги осигура самиот кај осигурително друштво.
- Изложувачите имаат право да користат средства за реклама на просторот на Саемот. Звучна реклама и музика може да се користи во рамките на закупениот штанд, само под услов да не пречи на работата на другите изложувачи, а терминот и должината на овој вид на рекламирање мора да биде однапред најавено кај Организаторот на Саемот.
- Организаторот го задржува правото да ги снима експонатите и штандовите без надомест и истите да ги објавува во вид на фотографии или снимки, како и јавно да ги прикажува и да ги користи за други намени.
- Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје не е одговорен како организатор доколку настане повреда на лица, која може да се случи на изложувачите или лицата кои се ангажирани за работа на штандот на изложувачот во периодот за времетраење на саемот и во периодот на монтажа и демонтажа.
- Организаторот го задржува правото на одложување или откажување на манифестацијата од објективни или vis major причини.
- Организаторот не е одговорен за одложување на саемската манифестација, доколку истото настане како резултат на претходниот став или како резултат на рестрикции воведени од надлежен орган.

**УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ**

- По извршеното пријавување од страна на изложувачот Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје доставува про-фактура за сите услуги кои изложувачот ги има  наведено во Пријавата/Договорот, по официјалниот ценовник на услугите наведен во истата. Изложувачот е должен да изврши уплата во целост на износот од про-фактурата во рокот утврден во про-фактурата.
- Доколку изложувачот не го уплати во целост износот од про-фактурата во предвидениот рок, должен е да приложи гаранција за плаќањето.
- Во случај изложувачот да не плати 30 дена пред манифестацијата, Глобал Медиа Груп ДООЕЛ – Скопје не му ја гарантира локацијата на штандот.
- По завршување на саемската манифестација на изложувачот ќе му биде доставена конечна фактура во која се наведени сите користени услуги по официјалниот ценовник наведен во Пријавата/Договорот за учество на Саем. Цените се без пресметан ДДВ.  Изложувачот е обврзан да ја плати во целост конечната фактура, во валутниот рок назначен во фактурата.
- Со потпишување на оваа Пријава / Договор за учество на Саем, изложувачот е согласен со условите кои се составен дел на истата, како и со начинот на плаќање наведен во Пријавата/Договорот.

**ФИНАЛНИ ОДРЕДБИ**

- Со потпишувањето на оваа Пријава / Договор за учество на Саем, изложувачот потврдува дека е запознаен дека изложбениот простор на кој се одржува Саемот е земен под закуп од страна на Организаторот.
- Потпишувањето на оваа Пријава / Договор се смета за неотповикливо и обврзувачко за изложувачот, освен доколку не се откаже по писмен пат најмалку 30 дена пред почетокот на Саемот.
- Организаторот го задржува правото да го откаже одржувањето на Саемот  без никакви правни последици за договорните страни, доколку истото го направи 30 дена пред почетокот на истиот, за што Организаторот е должен писмено да ги извести изложувачите.
- Двете договорни страни се согласни во случај на спор да биде надлежен Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

**ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ**

- Глобал Медиа Груп ДООЕЛ Скопје, во целост ги почитува и применува донесените протоколи за одржување на јавни настани од надлежните институции и сите услови на одржување на настанот ќе бидат соодветно прилагодени.
- Глобал Медиа Груп ДООЕЛ Скопје се обврзува да ги информира изложувачите за сите мерки кои треба да се превземат за безбедно одржување на настанот, како и за сите евентуално настанати промени во најкраток можен период.

Global Media Group®   Скопски саем® Skopje Fair